# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ- ПРАКТИКУМ „ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА, УМЕТНОСТ И УРБАНИЗАМ 1" ОД ДОЦ. Д-Р ПЕТАР НАМИЧЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлука бр. 2202-61/6 од 7.2.2014 год., на втората редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 7.2.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доцент д-р Катерина Деспот, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– доцент д-р Васка Сандева, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот практикум „Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1" од доц. д-р Петар Намичев, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот за практикумот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот - практикум:** Насловот на ракописот за практикум е **„Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1"**, а предметот е со наслов Историја на архитектура, уметност на урбанизам 1 и се слуша во III семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 3+2+2. Материјалот што е опфатен во ракописот-практикум е во согласност со Наставната програма по предметот Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1 и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 82 страници во А4 формат со нормален проред, во 3 тематски поглавја, а содржи 171 цртежи. Обемот на ракописот-практикум по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис-практикум со ист или сличен наслов досега е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 82 страници, поделен во три целини, каде што се опфатени историските периоди од проучувањето на историјата на архитектурата и уметноста.

Учебникот – практикум содржи материјал првенствено за студентите по архитектура и уметност, кои за време на вежбите треба да користат одредени податоци и цртежи за полесно да ја совладаат предвидената материја со наставната програма. Материјалот е презентиран во обем и форма што треба да дадат една јасна слика, подеднакво од сите историски епохи од периодот на праисторијата, преку стариот век, средниот век и новиот век. Бројот на историските градби и податоците што се користат од предвидената литература е доста обемен, затоа во презентираниот материјал се издвоени најзначајните, кои оставиле најголема трага во развојот на историјата на архитектурата. Начинот на презентација по епохи се однесува на градбите кои според просторниот концепт, типот на градба, применета декорација или влијанието што го имаат во одредена историска епоха или стил имале најголемо влијание. Презентацијата на градбите е овозможена преку

цртежи, графики, веродостојни оригинални проекти од авторите, аксонометрии на објекти изработени со современа дигитализирана технологија, цртежи со анализи за естетските, декоративните и просторни квалитети на одредени елементи од градбите. Презентирани се и анализи на примена на симетрија, пропорционалност на одредени елементи кои се најчесто поврзани со декорацијата на фасадите, на соодност на одредени детали во однос на целината и сл.

Во однос на обемот на постоечкиот материјал од оваа област е направена одредена воедначена застапеност на праисториската архитектура, како и архитектонското творештво на древните цивилизации на Египет и Месопотамија. Во продолжението на презентацијата на материјалот се опфатени најобемните и влијателни градби и елементи на стилската група на грчката и римската архитектура. Периодот на средниот век е презентиран преку развојот на ранохристијанската и византиската уметност, со посочување на најзначајните градби од овој период, на кои се надоврзуваат романскиот и готскиот стил. Како еден од најзначајните периоди во историјата на архитектурата е ренесансата, претставена преку раната, високата и доцната ренесанса во областа на архитектурата, кои оставиле најголема трага во поновата човекова историја. Од овие причини, поради значењето на капиталните објекти од ренесансниот период, тие во најголема мерка се застапени во прегледот на илустративен материјал. Во периодот на новиот век е опфатен и периодот на барокот, каде што се презентирани најзначајните градби. За прикажување и систематизирање на најзначајните примероци од развојот на архитектурата градбите се селектирани, за да овозможат согледување на конструктивни материјали и системи, архитектонска композиција, презентација на главните типови, нивен опис и сл.

На овој начин, на корисникот на овој труд му се дава општ преглед за секоја епоха, со главните карактеристични градби за архитектонското творештво. Материјалот при презентацијата, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени сите наведени стилски и главни карактеристики на нивниот развој, преку архитектонското, уметничкото и урбаното творештво на териториите каде што било присутно.

На крајот од ракописот авторот наведува 12 наслови на литература што се користени при пишувањето на ракописот.

## З А К Л У Ч О К

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот-практикум со наслов **„Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1”,** пријавен од авторот **доц. д-р Петар Намичев,** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис-практикум со наслов „Историја на архитектура, уметност и урбанизам 1”, пријавен од авторот доц. д-р Петар Намичев и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран практикум, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Катерина Деспот, доцент, с.р.**
**Д-р Васка Сандева, доцент, с.р.**